Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 110/19 и 121/24) и член 102 став 2 од Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16,127/16, 67/17, 64/18,"Службен весник на Република Северна Македонија" бр.229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), министерката за образование и наука, донесе

# Правилник
## за дополнување на Правилникот за начинот на распределба на средства на Државните средни училишта

**Член 1**

Во Правилникот за начинот на распределба на средства на Државните средни училишта број 13-14043/1 од 05.11.2025 година, во членот 11 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Државните средни училишта на кои се распоредуваат средства согласно овој правилник, доставуваат до Министерството за образование и наука извештај за потрошените средства по ставки и намени по завршување на секој квартал, во рок од 15 дена".

**Член 2**

Овој правилник стапува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Министерка за образование и наука,**
**с.р проф. д-р Весна Јаневска**

**Бр. 13-9717/1**
**23.07.2026 година**
**Скопје**